Известување за концентрација со која ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип ќе стекне контрола над Друштво за радиодифузна дејност СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија и над Друштво за производство, шпедиција, трговија угостителство и услуги ДУПАР Јован ДООЕЛ експорт-импорт Гевгелија

(предмет бр. 08-156/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.11.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Ванчо Прке бр. 88 во Штип ќе стекне контрола над Друштво за радиодифузна дејност СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија и над Друштво за производство, шпедиција, трговија, угостителство и услуги ДУПАР Јован ДООЕЛ експорт-импорт Гевгелија.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип е оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги кој е нотифициран и активен учесник на пазарот за електронски комуникации на територијата на Република Северна Македонија. Основан е во 1998 година.

ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип на своите претплатници им ги нуди следните комуникациски услуги: пристап до телевизииски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија. Услугите: пристап до телевизииски содржини/телевизија, интернет и фиксна телефонија ги нуди преку сопствена комуникациска мрежа, додека услугата мобилна телефонија ја нуди преку изнајмена комуникациска мрежа од Македонски Телеком АД Скопје и ова услуга ја нуди како виртуелен мобилен оператор.

Комуникациските услуги: пристап до телевизииски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип во моментот ги нуди во 17 градови во Македонија.

Целосната покриеност со сопствена комуникациска мрежа каде ги нуди комуникациските услуги: пристап до телевизииски содржини/телевизија, фиксен интернет и фиксна телефонија, ги опфаќа градовите: Штип, Битола, Велес, Струмица, Кавадарци, Кочани, Св.Николе, Скопје, Радовиш, Неготино, Прилеп, Гевгелија, Гевгелија, Пробиштип, Делчево, Валандово и Ресен.

Услугата мобилна телефонија со можност за мобилен интернет ја нуди преку изнајмената мобилна комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД Скопје на територијата на Република Северна Македонија.

Основачот на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип г-динот Роберт Димитров кој е сопственик и на Друштвото за трговски промет ЕЛМАР АД Штип со седиште на ул. Тошо Арсов бр. 36 во

Штиш, кое обавува дејност: издавање или управување со сопствен недвижен имот и има добиено лиценца за работа на друштвото за вршење сметководствени работи. Ова друштво не обавува исти или слични дејности со ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип.

СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија е оператор давател на јавни комуникациски услуги, кој е нотифициран и активен учесник на пазарот за електронски комуникации на територијата на Р. Северна Македонија.

Својата дејност ја обавува на територија на општините Гевгелија и Богданци. Својата дејност ја врши преку изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап, на начин што ја изнајмува јавната електронска комуникациска мрежа на ДУПАР Јован ДООЕЛ експорт-импорт Гевгелија, за да ги нуди следните јавни електронски комуникациски услуги: пристап до телевизииски содржини/телевизија и интернет. Основан е во 2001 година.

ДУПАР Јован ДООЕЛ експорт-импорт Гевгелија е оператор на јавна комуникациска мрежа кој е нотифициран и активен учесник на пазарот за електронски комуникации на територијата на Р. Северна Македонија.

Својата дејност ја обавува на територија на општините Гевгелија и Богданци. Давател е на следните електронски комуникациски услуги: изнајмени линии и пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап. Ја изнајмува својата јавна комуникациска мрежа на СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија а не нуди јавни електронски комуникациски услуги. Основан е во 1992 година.

Според подносителот на известувањето за оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар би можел да се дефинираат како пазарот за електронски комуникации на територија на општините Гевгелија и Богданци на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.
Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

11.11.2026 година

Скопје